РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-316
11.09. 2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3197/1 од 12.08.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/3 од 10.09.2020 година, го донесе следното:

# Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) емитуван на 23-ти јули 2020 година, во рамки на емисијата „Добро утро“ – премиера („Mirëmëngjes!“) емитувана во периодот од 08:56:34 до 09:17:06 часот и на емисијата „Добро утро“ – реприза („Mirëmëngjes!“) емитувана во периодот од 16:29:23 до 16:49:56 часот, во прилог во кој беа прикажани предлози за странските филмови: „Dumplin”, „Murder Mystery“, „The Perfect Date“, „Rough Night”, „The Notebook”, „What/If”, „The Good Place”, „Revenge”, „7 Days Out” и „Homecoming”, наративниот дел од прилогот беше емитуван на албански јазик, а кратките исечоци од филмовите се прикажани изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3197/1 од 12.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 12 август 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 23-ти јули 2020 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), на 23-ти јули 2020 година, во рамки на емисијата „Добро утро" – премиера („Mirëmëngjes!") емитувана во периодот од 08:56:34 до 09:17:06 часот и на емисијата „Добро утро" – реприза („Mirëmëngjes!") емитувана во периодот од 16:29:23 до 16:49:56 часот, во прилог во кој беа прикажани предлози за странските филмови: „Dumplin", „Murder Mystery", „The Perfect Date", „Rough Night", „The Notebook", „What/If", „The Good Place", „Revenge", „7 Days Out" и „Homecoming", наративниот дел од прилогот беше емитуван на албански јазик, а кратките исечоци од филмовите се прикажани изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3197/1 од 12.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување наш Уп1 бр.03-316 од 12.08.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3197/1 од 12.08.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На 24.08.2020 година, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), до Агенцијата достави Писмено изјаснување бр.14-3705/2 од 19.08.2020 година (наш Уп1 бр.03-316 од 24.08.2020 година). Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување бр.14-3705/2 од 19.08.2020 година (наш Уп1 бр.03-316 од 24.08.2020 година), при што заклучи на

Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), во врска со член 64 став 1 од истиот Закон и точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 32-та седница одржана на 10.09.2020година согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/3 од 10.09.2020година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3197/1 од 12.08.2020 година.

**Доставено до:**

- Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);
- Овластеното лице - Директор на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);
- Одговорното лице на програмата во Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 12.08.2020
Орг. единица / Njësia org.: 10 | Број / Numër: 3197 | Прилог / Shtesë: 1 | Вредност / Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)

3. **Период опфатен со надзорот:** 23 јули 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 август 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија)

   - **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 23 јули 2020 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога

програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 23 јули 2020 година, на Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), во рамки на емисијата „Добро утро“ („Mirëmëngjes!“), во прилог во кој беа прикажани предлози за странските филмови: ***„Dumplin“, „Murder Mystery“, „The Perfect Date“, „Rough Night“, „The Notebook“, „What/If“, „The Good Place“, „Revenge“, „7 Days Out“*** и ***„Homecoming“***, наративниот дел од прилогот беше емитуван на албански јазик, а кратките исечоци од филмовите беа прикажани изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик.

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Добро утро“ - премиера („Mirëmëngjes!“)<br>„Добро утро“ - реприза („Mirëmëngjes!“) | 08:56:34<br>16:29:23 | 09:17:06<br>16:49:56 | Во рамки на емисијата „Добро утро“ („Mirëmëngjes!“), во прилог во кој беа прикажани предлози за странските филмови: ***„Dumplin“, „Murder Mystery“, „The Perfect Date“, „Rough Night“, „The Notebook“, „What/If“, „The Good Place“, „Revenge“, „7 Days Out“*** и ***„Homecoming“***, наративниот дел од прилогот беше емитуван на албански јазик, а кратките исечоци од филмовите се прикажани изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик. |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), на 23 јули 2020 година, во рамки на емисијата „Добро утро“ („Mirëmëngjes!“), во прилог во кој беа прикажани предлози за странските филмови: ***„Dumplin“, „Murder Mystery“, „The Perfect Date“, „Rough Night“, „The Notebook“, „What/If“, „The Good Place“, „Revenge“, „7 Days Out“*** и ***„Homecoming“***, не беше обезбеден превод на албански јазик на кратките исечоци од филмовите, кои се емитуваа изворно на англиски јазик.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*